# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК*

## НА ОПШТИНА ВАСИЛЕВО

Број 10 07 Јуни 2023 година примерокот е бесплатен

www.opstinavasilevo.gov.mk opstina_vasilevo@yahoo.co.uk

Содржина 26-та седница

**Дневен ред за дваесет и шеста седница на Советот на општина Василево**


1. Одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Василево за 2023 година.....................................................................01
2. Одлука за користење на Процената на загрозеност од ризици и опасности за настанување на кризна состојба на подрачјето на Општина Василево..........................................................................................03
3. Одлука по барање за градежен материјал поднесено од Црковен одбор Радичево..........................................................................................03
4. Одлука по барање за финансиски средства поднесено од Црковен одбор Пиперево..........................................................................................04
5. Одлука по барање за финансиски средства поднесено од Војо Цингарски..........................................................................................05
6. Одлука за измена и дополнување на одлуката за извршување на Буџетот на о.Василево за 2023 година.......................................................06
7. Одлука за сопствено учество на о.Василево по проект – Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти – Фаза 2 – Е полначи за електрични возила: техничка документација”........................07
8. Програма за измена и дополнување на Програмата за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води во о.Василево за 2023 година..........................................................................................08
9. Давање согласност на Годишниот план за вработување за 2024 година на ООУ „Гоце Делчев” Василево.....................................................09
10. Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Наби Шавлев..........................................................................................10
11. Одлука за утврдување финансиски средства за пречек и сместување на гости од збратимената општина Согут, Р.Турција...................................11

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на Одлуката за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Василево за 2023 година**

Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Василево за 2023 година, донесена на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 05.06.2023 година.

08-783/2 Општина Василево
06.06.2023 Градоначалник
година Славе Андонов

---------------------------------------------

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.61/04, бр.96/04, бр.67/07, бр.156/09, бр.47/11, 192/15, 219/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.244/2019, 82/20, 53/21, 77/21и 150/21) и член 22 од Статутот на Општина Василево ("Службен гласник на Општина Василево бр.12/20), Советот на општина Василево на 26-та седница одржана на 05.06.2023 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
За измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Василево за 2023 година

Член 1
Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Василево за 2023 година на следниот начин

| Програма Потставка | БУЏЕТ | САМОФИНАН | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| **V10 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | | |
| 401130 Основни плати | 0 | 0 | 105.232 | 0 | 0 |
| 401310 Персонален данок на доход на плата | 0 | 0 | 10.688 | 0 | 0 |
| 402110 Придонеси за ПИО | 0 | 0 | 30.268 | 0 | 0 |
| 402210 Основни придонеси за здравство | 0 | 0 | 12.075 | 0 | 0 |
| 402220 Основни придонеси за профес. Заболување | 0 | 0 | 805 | 0 | 0 |
| 402310 Основни придонеси за агенција за вработување | 0 | 0 | 1.932 | 0 | 0 |
| 423410 Прехрамбени продукти и пијалоци | 0 | 320.000 | 0 | 0 | 0 |
| 427110 Привремени вработувања | 0 | -320.000 | -161.000 | 0 | 0 |
| | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Претседател на совет на
Општина Василево
Ристо Делијанов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за користење на Процената на загрозеност од ризици и опасности за настанување на кризна состојба на подрачјето на Општина Василево**

Се објавува Одлуката за користење на Процената на загрозеност од ризици и опасности за настанување на кризна состојба на подрачјето на Општина Василево, донесена на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 05.06.2023 година.

08-784/2 Општина Василево
06.06.2023 Градоналаник
Година Славе Андонов

-------------------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 05.06.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за користење на Процената на загрозеност од ризици и опасности за настанување на кризна состојба на подрачјето на Општина Василево**

**Член 1**

Советот на општина Василево за потребите на СВР Струмица донесува Одлука за користење на Процената на загрозеност од ризици и опасности за настанување на кризна состојба на подрачјето на Општина Василево.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе биде објавена во „Службен Гласник на Општина Василево ‘’.

08-784/1 Совет на Оптина
06.06.2023 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за одобрување на градежен материјал на Црковен одбор Радичево**

Се објавува Одлуката за одобрување на градежен материјал на Црковен одбор Радичево, донесена на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 05.06.2023 година.

08-785/2 Општина Василево
06.06.2023 Градоначалник
година Славе Андонов

-----------------------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ"бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 05.06.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за одобрување на градежен материјал на црковен одбор Радичево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува градежен материјал во износ од 30.000 денари за доградба на тремот на црквата „Свети Илија" во населено место Радичево.

**Член 2**

Средствата за оваа намена се обезбедуваат од Буџетот на општина Василево, а до архивата на општина Василево ќе се достави фактура од правното лице од кое е набавено градежниот материјал.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник" на Општина Василево.

08-785/1 Совет на Општина
06.06.2023 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на Одлуката за одобрување на градежен материјал на Црковен одбор Пиперево**

Се објавува Одлуката за одобрување на градежен материјал на Црковен одбор Пиперево, донесена на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 05.06.2023 година.

08-786/2 Општина Василево
06.06.2023 Градоначалник
година Славе Андонов

--------------------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 05.06.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на градежен материјал на Црковен одбор Пиперево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува градежен материјал во висина од 60.000 денари на Црковен одбор Пиперево, за изградба на одвод.

**Член 2**

Градежниот материјал ќе се набави од добавувачот кој го има изберено општина Василево од јавна набавка ДПГТ „Разнопромет”, а до архивата на општина Василево ќе се достави фактура.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Василево“.

08-786/1 Совет на Општина
06.06.2023 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на Војо Џингарски од Доброшинци**

Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства на Војо Џингарски од Доброшинци, донесена на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 05.06.2023 година.

08-787/2 Општина Василево
06.06.2023 Градоначалник
година Славе Андонов

--------------------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 05.06.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства на Војо Џингарски од Доброшинци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува финансиски средства во висина од

70.000 денари на Војо Џингарски од Доброшинци, за организирање меморијален турнир во мал фудбал по повод празникот „Петровден” во Доброшинци.

**Член 2**

Финансиските средства ќе се обезбедат од Буџетот на општина Василево за 2023 година, а ќе се исплатат на сметка на Војо Џингарски од Доброшинци.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Василево“.

08-787/1 Совет на Општина
06.06.2023 Васиилево
Година претседател
Ристо Делијанов

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на Одлуката за измена и дополнување на одлуката за извршување на Буџетот на Општина Василево за 2023 година**

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на одлуката за извршување на Буџетот на Општина Василево за 2023 година, донесена на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 05.06.2023 година.

08-788/2 Општина Василево
06.06.2023 Градоначалник
година Славе Андонов

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.61/04, бр.96/04, бр.67/07, бр.156/09, бр.47/11,192/15 , 209/18) и (“Службен весник на Република Северна Македонија бр 244/19, 53/21, 77/21, 150/21,173/22)” член 31 од законот за буџетите(“Службен весник на Р.М.” број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10 180/11, 171/12, 192/15, 167/16), и(“Службен весник на Република Северна Македонија бр.79/20 и 151/21 и 203/22) и член 93 став 2 од Законот за административните службеници (“Службен весник на Р.М.” број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16,2/17, 16/17, и 11/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19, 14/20,112/20, 302/20 215/21, 99/22), одредбите на гранскиот колективен договор за органите на државната управа , стручните служби на владата на Република северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено-поправните и воспитно-поправните установи, државното правобранителство , општините Градот Скопје и општините на градот Скопје, агенциите фондовите и другите органи основани од собранието на република Северна Македонија ( “Службен весник на Република Северна Македонија бр 51/20, 172/21) и член 22 од Статутот на Општина Василево (“Службен гласник на Општина Василево

бр.12/2020), Советот на општина Василево на 26 та седница одржана на 05.06.2023 година донесе

О Д Л У К А

За измена и дополнување на одлуката за извршување на Буџетот на Општина Василево за 2023 година

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Василево за 2023 година "Службен гласник на Општина Василево" бр 15/2022 како и измената и дополнување на одлуката за извршување на Буџетот "Службен гласник на Општина Василево" бр 01/2023 на Општина Василево за 2023 година

Во членот 9 став 1
Текстот во алинеа 1 СЕ БРИШЕ и се додава нов текст кој гласи:
"Согласно Законот за плати и други надоместоци на избрани и именувани лица (Службен весник на РМ бр 36/90, 44/90, 11/91 ,23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, 139/09, 42/10,97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14, 45/18, 233/18,51/23 и65/23) за избраните и именуваните лица основицата за пресметување на плата е просечната исплатена месечна плата по вработен во Републиката за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика по коефициент за утврдување на надоместокот кој изнесува 2,9"

08-788/1 Совет на Општина
06.06.2023 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за сопствено учество на Општина Василево по проект – Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти – Фаза 2 – „Е – полначи за електрични возила: техничка документација"**

Се објавува Одлуката за сопствено учество на Општина Василево по проект – Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти – Фаза 2 – „Е – полначи за електрични возила: техничка документација", донесена на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 05.06.2023 година.

08-789/2 Општина Василево
06.06.2023 Градоначалник
Година Славе Андонов

--------------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ"бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на

Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 05.06.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За сопствено учество на Општина Василево по проект – Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти – Фаза 2 - „Е-полначи за електрични возила: Техничка документација”**

**Член 1**

Со оваа одлука се обезбедуваат финансиски средства како сопствено учество од општина Василево потребни за реализација на проектот „Е-полначи за електрични возила: Техничка документација”. Носител на проектот е Центарот за развој на Југоисточниот плански регион, а ќе се реализира со партнерство преку сите 10 општини во регионот, Богданци, Босилово, Валандово, Василево, Конче, Гевгелија, Дојран, Ново Село, Радовиш и Струмица, преку проектот „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти – фаза 2“ кој го имплементира УНДП со финансиска поддршка на Шведската агенција за меѓународна соработка (Сида) и Бирото за регионален развој.

**Член 2**

Сопственото учество на општина Василево во проектот од член 1 изнесува 944 УСД ( 53991.55 денари).

**Член 3**

Средствата за оваа намена се обезбедуваат од Буџетот на општина Василево.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Василево”.

08-789/1 Совет на Општина
06.06.2023 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води во општина Василево за 2023 година**

Се објавува Програмата за измена и дополнување на Програмата за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води во општина Василево за 2023 година, донесена на седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 05.06.2023 година.

08- 790/2 Општина Василево
06.06.2023 Градоначалник
година Славе Андонов

---------------------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 05.06.2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**за измена и дополнување на Програмата за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води во општина Василево за 2023 година**

**Член 1**

Во член 1 по зборовите „Буџет на општина Василево” се менуваат броевите„ 5.750.000“денари и гласи :

Буџет на општина Василево 12.200.000 денари

Вкупно:
12.200.000 денари

**Член 2**

Во член 1 потточка 2 се менуваат броевите„ 750.000” и гласи:

- Изградба на фекална канализација-крак во с.Пиперево во висина од 4.000.000 денари.

**Член 3**

Во член 1 потточка 3 се менуваат броевите„ 1.000.000” и гласи:

- Изградба на фекална канализација-крак во с.Ангелци во висина од 3.200.000 денари

**Член 4**

Во член 1 се додава нова потточка 4 и гласи:

-Реконструкција на главен колектор на фекална канализација – Ангелци,Градошорци,Василево и Пиперево во висина од 1.000.000 денари.

**Член 5**

Оваа програма стапува во сила веднаш по објавувањето во Службениот гласник на општина Василево.

08-790/1 Совет на Општина
06.06.2023 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за давање согласност на Годишен план за вработување за 2024 година за ООУ „Гоце Делчев” Василево**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Годишен план за вработување за 2024 година за ООУ „Гоце Делчев'' Василево, донесена на редовната седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 05.06.2023 година.

08-791/2 Општина Василево
06.06.2023 Градоначалник
година Славе Андонов

---------------------------------------------

Врз основа на член 20 а и член 20 б од Законот за вработените во јавниот сектор (Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ " бр. 27/2014; 199/2014; 27/2016; 35/2018; 198/2018 и „Службен весник на РСМ“ бр.143/2019; 14/2020; 95/2020; 302/2020), член 84 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20) и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 05.06.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За давање согласност на Годишен план за вработување за 2024 година за ООУ „Гоце Делчев” Василево**

**Член 1**

Се дава согласност на Годишен план за вработување за 2024 година за ООУ „Гоце Делчев” Василево.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Василево”.

08-791/1 Совет на Општина
06.06.2023 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на Наби Шавлев од Градошорци**

Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства на Наби Шавлев од Градошорци, донесена на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 05.06.2023 година.

08-792/2 Општина Василево
06.06.2023 Градоначалник
година Славе Андонов

---------------------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02),

и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 05.06.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства на Наби Шавлев од Градошорци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува финансиски средства во висина од 30.000 денари на Наби Шавлев од Градошорци, за организирање турнир во мал фудбал по повод празникот „Курбан Бајрам” во Градошорци.

**Член 2**

Финансиските средства ќе се обезбедат од Буџетот на општина Василево за 2023 година, а ќе се исплатат на сметка на Наби Шавлев од Градошорци.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Василево“.

08-792/1 Совет на Општина
06.06.2023 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на Одлуката за утврдување финансиски средства за пречек и сместување на гости од збратимената општина Согут, Р.Турција**

Се објавува Одлуката за утврдување финансиски средства за пречек и сместување на гости од збратимената општина Согут, Р.Турција, донесена на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 05.06.2023 година.

08-793/2 Општина Василево
06.06.2023 Градоначалник
година Славе Андонов

--------------------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 05.06.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за утврдување финансиски средства за пречек и сместување на гости од збратимената општина Согут, Р.Турција**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдуваат финансиски средства за пречек и сместување на гости од збратимената општина Согут, Р.Турција, во висина од 70.000 денари кои ќе бидат во работна посета на општина Василево од ден 15.06.2023 година до 19.06.2023 година.

.

**Член 2**

Финансиските средства ќе се обезбедат од Буџетот на општина Василево за 2023 година.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Василево“.

| | |
|---|---|
| 08-793/1 | Совет на Општина |
| 06.06.2023 | Василево |
| година | претседател |
| | Ристо Делијанов |